# ЗАПИСНИК

од 2-ра седница на Управниот одбор на ЗЕЛС,
Скопје, 30 јануари, 2026 г.

**<u>Присутни</u>**:

Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Град Скопје), Горан Герасимовски (Градоначалник на Општина Центар), Изет Меџити (Градоначалник на Општина Чаир) Соња Стаменкова (Градоначалник на Општина Македонска Каменица), Фисник Мела (Градоначалник на Општина Дебар), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Блерим Сејдиу (Градоначалник на Општина Желино), Бобан Стефковски (Градоначалник на Општина Гази Баба), Јане Мицевски (Градоначалник на Општина Сопиште), Дејан Митески (Градоначалник на општина Аеродром), Борче Митевски (Градоначалник на Општина Петровец), Ѓорѓе Божинов (Градоначалник на Општина Ново Село), Петар Јанков (Градоначалник на Општина Струмица), Тони Коњановски (Градоначалник на Општина Битола), Кирил Пецаков (Градоначалник на Општина Охрид), Ивана Ѓорѓиевска (Претседателка на Совет на Општина Куманово, со овластување од Максим Димитриевски, Градоначалник на Општина Куманово), Иван Јорданов (Градоначалник на Општина Штип), Дејан Владев (Градоначалник на Општина Свети Николе).

**<u>Дискусија</u>**:

Членовите на Управниот одбор едногласно го усвоија следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Средба со Министерот за јавна администрација, г. Горан Минчев, по повод новиот софтвер за управување со човечки ресурси
2. Одлука за избор на членови во Комитетот на Совети (согласно Одлуката на Генералното Собрание на ЗЕЛС за еднократно пренесување на оваа надлежност врз Управниот Одбор) – 9 члена;
3. Одлука за избор на членови и нивни заменици во Заедничкиот консултативен комитет на Комитетот на регионите при Европската Унија и нашата држава (11 членови и 11 заменици);
4. Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Советот на Европа (3 делегати и 3 заменици);
5. Одлука за избор на членови во Совет за статистика на Република Северна Македонија при Државниот завод за статистика (2 членови);
6. Одлука за избор на член во Комисија за евроинтеграции при Собранието (1 член);

7. Одлука за избор на членови во Комисијата за утврдување на критериуми за распределба на опрема и средства за територијалните противпожарни единици при Дирекција за заштита и спасување (2 члена);
8. Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на НАЛАС (2 делегати и 2 заменици);
9. Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Генералното Собрание на АРЛЕМ (2 делегати и 2 заменици);
10. Одлука за избор на членови во Комисијата за следење на процесот на фискална децентрализација (7 членови);
11. Информација за содржината на усвоениот „План за јавни набавки на ЗЕЛС за 2026 г.";
12. Разгледување на барање од Граѓанска иницијатива „Стоп за УСЈЕ";
13. Разгледување на барање од АДКОМ;
14. Разно.

**ПРВА ТОЧКА**: Средба со Министерот за јавна администрација, г. Горан Минчев, по повод новиот софтвер за управување со човечки ресурси Министерот за јавна администрација се заблагодари за можноста да го информира Управниот одбор за обврската и потребата за користење на софтверот за управување со човечки ресурси во кој задолжително треба да се внесат сите вработени во општините, јавните претпријатија и установите основани од општините. Целта е и нашата држава, иако овој систем веќе го поседуваат сите други држави во Европа, да има конкретна евиденција за сите државни службеници. Истовремено, во системот, покрај податоците за пополнети места според актите за систематизација, потребно е да бидат внесени и податоци за висината на платите на секој службеник.

Овие податоци и пресметките на палатите во моментот во име на општините ги вршат надворешни приватни сметководствени правни лица, за кои општините плаќаат големи надоместоци, па со овој систем, покрај неговата задолжителна употреба, ќе се генерираат и заштеди.

Министерот го повика ЗЕЛС да упати апел до сите општини за нивна ажурност, со оглед дека оваа обврска поизлегува од прописите а и дека Управниот инспекторат е во тек, па дека во претстојниот период се очекува и нивен инспекциски надзор.

Министерот укажа на следното:

- Вкупен број на вработени во општините и правните лица основани од општините и градот Скопје: 53.408 распоредени во 796 институции, од кои во 34 институции воопшто нема податоци за вработени

- вработени без внесени адресни податоци: 17.915 (33,5%)

- вработени без внесени податоци за образование: 28.418 (53,2%)

- Вработени без внесени податоци за плата: 48.411 (90,6%)

Министерот посочи и дека актите за систематизација не се усвоени воопшто кај дел од нив, а дека има голем број на локални установи кои имаат изработено само нацрт-акти за систематизација.

На крај Министерот укажа дека контакт - податоците за лицата за поддршка и од страна на Министерството и од страна на софтверската компанија АСЕЕ, а укажа и дека министерството ќе излезе во пресрет за потреба од било каква обука во двата центри во Аеродром и во Центар па дури и он-лајн обуки за заинтересираните општини.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја поддржува иницијативата на Министерството за јавна администрација, изразува полна поддршка на активностите кои ги презема и ги повикува сите општини што поскоро да ја исполнат потребната обврска со крајна цел – креирање на регистар на службеници.

**ВТОРА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комитетот на Совети (согласно Одлуката на Генералното Собрание на ЗЕЛС за еднократно пренесување на оваа надлежност врз Управниот Одбор) – 9 члена;

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ги овластува Претседателот, двајцата потпретседатели и Еркан Арифи, градоначалникот на општина Липково да извршат консултации и во соработка со Извршниот директор да го утврдат составот на телата, органите и делегатите во организациите од точките 2, 3, 8, 9 и 10.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА**: Одлука за избор на делегати и нивни заменици во Советот на Европа (3 делегати и 3 заменици).

**ОДЛУКА**: Управниот одбор на ЗЕЛС за Делегати и нивни заменици во Советот на Европа ги избира следните:

За ДЕЛЕГАТИ:

1. г. Кирил Пецаков, градоначалник на општина Охрид
2. г-ѓа Бети Стаменкоска - Трајкоска, градоначалник на општина Кисела Вода
3. г-ѓа Соња Стаменкова, градоначалник на општина Македонска Каменица

и нивни ЗАМЕНИЦИ:

1. г. Фисник Мела, градоначалник на општина Дебар;
2. г-ѓа Марија Нацева, градоначалник на општина Неготино;
3. г. Марко Колев, градоначалник на општина Велес.

**ПЕТТА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Совет за статистика на Република Северна Македонија при Државниот завод за статистика (2 членови);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука со која за членови во Совет за статистика на Република Северна Македонија при Државниот завод за статистика се избираат г. Горан Герасимовски, градоначалник на општина Центар и г. Дејан Владев, градоначалник на општина Свети Николе;

**ШЕСТА ТОЧКА:** Одлука за избор на член во Комисија за евроинтеграции при Собранието (1 член);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука со која за член во Комисија за евроинтеграции при Собранието се избира г. Орце Ѓорѓиевски, градоначалник на Град Скопје;

**СЕДМА ТОЧКА**: Одлука за избор на членови во Комисијата за утврдување на критериуми за распределба на опрема и средства за територијалните противпожарни единици при Дирекција за заштита и спасување (2 члена);

**ОДЛУКА**: Управниот одбор донесе Одлука за избор на г. Максим Димитриевски, градоначалник на општина Куманово и г. Иван Јорданов, градоначалник на општина Штип Одлука за членови во Комисијата за утврдување на критериуми за распределба на опрема и средства за територијалните противпожарни единици при Дирекција за заштита и спасување;

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Информација за содржината на усвоениот „План за јавни набавки на ЗЕЛС за 2026 г.";

Управниот одбор беше запознат со содржината и околностите на донесениот План за јавни набавки за 2026 г. кој оваа година беше донесен по исклучок од страна на Извршниот директор на ЗЕЛС со оглед дека роковите согласно Законот за јавните набавки налагаат истиот да биде донесен најдоцна до 30 јануари за тековната година, а седницата на Управниот одбор не беше извесно кога ќе биде одржана.

Управниот одбор беше запознат со содржината која целосно усогласена со усвоениот буџет на ЗЕЛС за 2026-та година.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа и ја усвои информацијата за содржината на Планот за јавни набавки на ЗЕЛС за 2026 г.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на барање од Граѓанска иницијатива „Стоп за УСЈЕ";

Граѓанската иницијатива „Стоп за УСЈЕ" која се залага за спречување на настанување на штетни последици од штетните емисии на недозволени материи од цементарницата Усје до сега има добиено поддршка од повеќето општина во градот Скопје и од Градот Скопје.

ЗЕЛС исто така дава безрезервна поддршка на иницијативата со која, како главна мерка се предлага дислокација на цементарницата.

ЗАКЛУЧОК: Управниот одбор на ЗЕЛС ја разгледа иницијативата на Граѓанска иницијатива „Стоп за УСЈЕ“ и на истата дава целосна поддршка.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА**: Разгледување на барање од АДКОМ;

АДКОМ како организација основана од јавните комунални претпријатија предупредува на потребата од итно наоѓање решение заради огромните финансиски последици кои ќе настанат врз јавните претпријатија врз основа на пресудите за признат долг пред Судот во Стразбур. Истовремено, доколку општините ги преземат овие парични обврски (заради катастрофалната финансиска состојба на јавните претпријатија) тие ќе западнат во големи долгови.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе Заклучок за итно иницирање на средба со Претседателот на Владата заради негово запознавање со состојбите и последиците и взаемно утврдување на мерки, меѓу кои и евентуален отпис на долгови по основ на камата за ненаплатен ДДВ.

ТОЧКА РАЗНО:

1. Иницијатива на општина Битола за продолжување на рокот на важење на Законот за постапување со бесправно изградени објекти
   Општина Битола и официјално, а неформално и многу други општини инсистираат на продолжување на крајниот рок за завршување на постапките согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти, што ќе подразбира завршување на постапките кои се во тек, постапките за кои се воделе судски постапки, постапките за кои настанале наследни и статусни промени на барателот итн. Барањето е овој рок, како право за завршување на започнатите постапки да се продолжи за 5 години.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе едногласно Заклучок со кој од Министерството за транспорт како овластен предлагач бара итно да изготви иницијатива за изменување и дополнување на Законот за постапување со бесправно изградени објекти со која ќе се утврди продолжување на рокот за завршување на започнатите постапки кои заради претходни прашања или нови факти од значење за постапката не биле завршени во предвидениот рок кој истекува на 3 март ова година и со кој сите постапки би запреле по сила на Закон и по истите нема да може да се донесуваат управни акти.

2. Иницијатива на општина ТЕТОВО за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање

   Општина Тетово се обрати до Управниот одбор на ЗЕЛС со барање за проширување на категориите на градби за кои може во рамки на донесен ГУП да се уредуваат градежни парцели согласно зоната и карактеристиките како што тоа го утврдува ГУП-от а моментално се предвидени за изградба на објекти за индустрија, стопанство складишта и сл.

Барањето на општина Тетово е ваквото право со Закон за да се прошири и за индивидуално и колективно домување со оглед дека донесувањето на деталните планови е долготрајна и сложена процедура која трае повеќе години а во меѓувреме продуцира дивоградби.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор заклучи дека на иницијатива на ЗЕЛС ќе биде организирана средба со Министерот за транспорт како надлежен орган од областа на уредувањето на просторот на кој ќе биде образложена оваа иницијатива и ќе бидат разменети мислења, па од заклучоците кои ќе произлезат на ваквата средба би била изготвена и евентуална иницијатива за изменување на Законот за урбанистичко планирање.

3. Иницијатива за зголемување на прагот за набавки од мал обем.

   Управниот одбор отвори дискусија околу придобивките од ваквата иницијатива за помалите општини, особено руралните, кои немаат доволен административен капацитет за спроведување на толку голем обем на постапки, но и дека јавноста не би го разбрала тоа и би го сметала за можност за злоупотреба.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе заклучок со кој иницијативата за зголемување на прагот на висината на средствата за изземање од спроведување на јавни набавки нема да се разгледува во овој период од страна на ЗЕЛС:

4. Предлог за ставање на возилата на општините на белата листа на возила кои би биле изземени од сообраќајни прекршоци.

   Во Министерството за внатрешни работи се изготвува т.н. „бела листа“ на возила по регистарски таблици кои системот на надзор на МВР нема да ги обработува, а во истите се предвидени возилата на државните органи, противпожарните возила, возилата на брза помош, комуналните возила.
   На оваа седница беше покрената иницијатива за внесување на едно возило во сопственост на секоја општина на оваа листа.

   **ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор донесе заклучок со кој го задолжува Претседателот на ЗЕЛС да направи консултација со Министерот за внатрешни работи за целисходноста и можноста по едно возило од секоја општина да биде ставено на т.н. „бела листа“ на возила кои би биле изземени од надзор заради потребата од честа комуникација со институциите во главниот град.

5. Предлог за усвојување на листата за отпис согласно извршениот попис за 2025 година.

   На членовите на Управниот одбор им е презентирана листата за отпис на работи од имотот на ЗЕЛС, која е претставена во целост и прикажана со години кога се купени.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор донесе одлука за отпис на сите наведени работи кои се согласно последниот попис за 2025 година.

Скопје, 30 јануари, 2026 г.

Составил,
Стручна служба на ЗЕЛС

Претседател,
Орце Ѓорѓиевски